# XI ПИШУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ

Корисна работа што треба да се земе предвид пред да се напише некој текст е развивање/правење концепт-белешка, еден вид кратка рамка на сите елементи што ќе ги содржи вашата статија.

Концептната белешка би ги содржела одговорите на овие прашања:

1. **Должина** - Која е должината на вашата статија?
   Пример: колку ќе биде долга мојата статија? Планирајте 10% за воведниот дел и заклучок, а останатите проценти за главниот дел.

2. **Референци/извори/библиографија**
   *Кои референци ги имате користено?*
   Направете истражување и имајте листа на главни, најрелевантни референци, како што се книги, статии или веб линкови.

3. **Структура**
   *Колку параграфи/главни аргументи ќе има вашата статија? Кои се главните хипотези кои ќе ги изложите и елаборирате?*
   Фокусирајте се на 4-5 главни аргументи и развијте ги како посебни параграфи, при што секој има цврста структура. Ставовите треба добро да се совпаѓаат и надополнуваат, односно сите ваши главни тврдења треба да придонесат за сеопфатниот главен аргумент и постепено да придонесуваат за потврдување на истиот.

4. **Привремен вовед и заклучок**
   Откако ќе го подготвите - или додека го подготвувате - вашиот концепт, треба да се обидете да имате пригоден, краток вовед и заклучок, дури и само 1-2 привремени реченици кои ќе го содржат почетното јадро на идниот вовед и заклучок. На овој начин ќе изградите силна структура, кохерентни и цврсто поврзани аргументи кои ќе го формираат јадрото на вашата идна статија. Откако ќе го идентификувате соодветниот дизајн на структурата, обидете се да се држите до него, а потоа отргнете се од него, освен ако нема добра причина за таквата промена да не се направи.

